# ПРОСТОРНО – ПОПУЛАЦИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛБИТЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ СТАТИСТИЧКО-ПЛАНСКИ РЕГИОН

**УДК: 314.114:911.37(497.774/.777)**

**Никола В. ДИМИТРОВ, Цане КОТЕСКИ, Златко ЈАКОВЛЕВ**

Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија, Универзитет „Гоце Делчев” Штип

**Извадок**

Во трудот наведени се основни просторно-популациски карактеристики на населбите од Пелагонискиот статистичко – плански регион. Главно место во текстот има бројот и поделба на населбите по површина, големина според број на жители, потоа според орографските услови по општини и вкупно во регионот. Во оформување на ракописот користен е статистичко-квантитативен метод од кој произлегуваат извесни резултати и заклучоци. Составен дел на ракописот се повеќе табели кои содржат податоци за понатамошни истражувања. Заклучните размислувања се насочени кон утврдување на причините и последиците од состојбата во која се наоѓаат најголем дел од населби во Пелагонискиот статистички регион, и давање насоки за надминување на дел од проблемите.

**Клучни зборови**: Демогеографија, населби, Пелагониски статистичко – плански регион, стратегија, трансформација, Република Македонија.

# THE POPULATION – SPATIAL CHARACTERISTICS OF SETTLEMENTS IN PELAGONIA STATISTICAL-PLANNING REGION

**Nikola V. DIMITROV, Cane KOTESKI,, Zlatko JAKOVLEV**
Faculty of tourism and business logistic – Gevgelija, University „Gotse Delchev“ - Shtip

**Abstract**

The paper listed the basic spatial characteristics of the population settlements Pelagonia statistical - planning region. Main place in the text and the division has a number of settlements by area size by number of inhabitants, then according to orographic conditions for municipalities and a total in the region. Shape a manuscript used the statistical-quantitative method which results in certain outcomes and conclusions. An integral part of the manuscript more tables containing data for further research. Concluding thoughts are directed towards determining the causes and consequences of the situation they are in most of the settlements in Pelagonia statistical region and giving guidance to overcome some of the problems.

**Key words**: Demo geography, settlements, Pelagonia statistical - planning region, strategy, transformation, Republic of Macedonia.

## ВОВЕД

Територијата на Република Македонија со Закон за рамномерен регионален развој од 2007 година е поделена на 8 плански региони, и тоа: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски.

Пелагонискиот плански регион ги опфаќа басените на Пелагониската и Преспанската котлина и зафаќа површина од 4717 км$^2$ или 19% од територијата на Република Македонија, со што претставува најголем статистичко плански регион во земјата. Во Пелагонискиот статистичко плански регион влегуваат 9 општини *(Битола, Демир Хисар, Долнени, Кривогаштани, Крушево, Могила, Новаци, Прилеп и Ресен)*, 343 населени места, од кои 5 урбани *(Битола, Демир Хисар, Крушево, Прилеп и Ресен)* и 338 рурални населби. (Види: Табела 1. и Карта 1.)

Во 2002 година Пелагонискиот статистички плански регион имал 238.136 жители, со учество во вкупното население во РМ од 11,8% *(или 1.8% помалку во споредба со 1994 година, односно 2,6 % помалку во споредба со 2014 г., 231.806 жители, состојба 30.06.2014 г.)*. Густината на населеност во 2002 година изнесувал 49,3 ж/км$^2$., а во 2014 година се намалила на 49,1 ж/км$^2$.

Поради долгогодишно отсуство на соодветни политики за подршка на социо-економскиот развој на селата, популациона и миграциона политика и сл., Пелагонискиот статистичко плански регон се соочува со повеќе популациони и просторни проблеми, кои мора да се разрешуваат без одлагање.

## МАТЕРИЈАЛИ И ИСТРАЖУВАЧКИ МЕТОДИ

За изработка на трудот користени се следните материјали и истражувачки методи. Консултирање, собирање и анализа на податоци добиени од статистика и од објавени книги и стручни трудови. Користен метод во истражувањето е текстуално – статистички, односно квантитативен метод..

## РЕЗУЛТАТИ

Врз основа на податоци за населението и населбите во просторот на Пелагонискиот статистичко плански регион. Изработени се дванаесет збирни табели за населението и населбите во Регионот. Во табелите изнесени се податоци за населението од пописот од 2002 година, како и податоци за 2009 година, публикувани од Државниот завод за статистика на Република Македонија. Податоците во табелите се селектирани поединечно за секоја општини, вкупно за целиот регион, а во дел од нив изнесуваме и податоци за Република Македонија.

Со обработка на податоците за населението и површината на просторот, добиени се сублимирани и процентуални учества за разместеност на населението и населби според орографските услови, големината и типот на населбата, населби кои го зголемиле или го намалиле бројот на жители, густината на населеност и слично. За прегледност на регионот поместена е една административна карта.




***Карта 1.*** *Административна поделба на Пелагонискиот статистичко - плански регион*

## ДИСКУСИЈА

Во Табела 1 дадени се основни податоци за Пелагонискиот статистичко – плански регион. Регионот е најголем по површина од сите осум региони во РМ, со површина од 4717 км$^2$ ., население од 238.136 жители и густина на населеност од околу 50 жители, 343 населби и учество на градското население од 67,6% во вкупното население. Од вкупно 9 општини, 4 се без урбана населеба, односно со рурални седишта (Долнени, Кривогаштани, Могила и Новаци). Најголема општина по површина е Прилеп со 1199 км$^2$, (25,4%), а најмала Кривогаштани 89 км$^2$ (1,9%). Најмногу население има Општина Битола (40%), а најмалку Општина Новаци (1,5%). Густината на населеност е најголема во Битола (120 ж/км$^2$), а најмала во Новаци (4,5 ж/км$^2$). Населението во Пелагонискиот статистичко – плански регион веќе повеќе години е во континуирано намалување, така, само за седум години, од 2002 до 2009 населението се намалило за 3816 жители односно за 1,6%. Оваа состојба е последица од нискиот природен прираст и механичкиот одлив на младо, фертилно и работоспособно население.

**Табела 1.** Основни просторно – популациски карактеристики на Пелагонискиот статистичко – плански регион

| Општина | | Површина во km$^2$ | Вкупно население Попис 2002 г. | Густина на населеност km$^2$ | Вкупно население Процена, 30.06.2009 | Густина на населеност km$^2$ | Број на Населени места | Процентуално учество на градското во вкупното население 2002 г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Битола | 787 | 95.385 | 121,2 | 93.646 | 119 | 66 | 78,2 |
| 2 | Демир Хисар | 480 | 9.497 | 19,8 | 8.881 | 18,5 | 41 | 27,3 |
| 3 | Долнени | 412 | 13.568 | 32,9 | 13.703 | 33,2 | 37 | 0 |
| 4 | Кривогаштани | 89 | 6.150 | 69,1 | 5.893 | 66,2 | 13 | 0 |
| 5 | Крушево | 191 | 9.684 | 50,7 | 9.588 | 50,2 | 19 | 55 |
| 6 | Могила | 255 | 6.710 | 26,3 | 6.553 | 25,7 | 23 | 0 |
| 7 | Новаци | 753 | 3.549 | 4,7 | 3.405 | 4,5 | 41 | 0 |
| 8 | Прилеп | 1199 | 76.768 | 64 | 76.427 | 63,7 | 59 | 90,8 |
| 9 | Ресен | 551 | 16.825 | 30,5 | 16.224 | 3,4 | 44 | 52 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пелагониски СПР** | **4.717** | **238.136** | **50,5** | **234.320** | **49,7** | **343** | **67,6** |
| Република Македонија | 25.713 | 2.022.547 | 78,6 | 2.052.722 | 79,8 | 1.767 | 56,7 |

**Извор**:
Државен завод за статистика на Република Македонија;
1 State Statistical Office: Announcement no. 2.4.10.10 (July 2010) - Population estimate as of 30.06.2009 and 31.12.2009 according to gender and age for the municipalities and the statistical regions (NUTS 3 from 2007);
Плански региони во Република Македонија, Министерство за локална самоуправа, Скопје, 2011 година;
ДЗД, Регионите во Република Македонија, 2014, Скопје, 2015 г.

Во Табела 2 поместени се податоци за основните просторни карактеристики на Регионот, гледано на општините според орографски услови, на рамничарски, ридски и планински простор. Во Пелагонискиот статистичко – плански регион доминира ридскиот и рамничарскиот простор со 1915,5 км$^2$ (40,6%), односно 1809,6 км$^2$ (38,4%), или заедно рамничарско – ридскиот простор зафаќа површина од 3725,1 км$^2$, (79,0%), а планинскиот од 991,9 км$^2$ (21,0%). Додека општина со најмногу рамничарски простор од 89,9% е Кривогаштани, а со најмал рамничарски простор е Крушево од само 25%. Ридскиот простор најповеќе е застапен во Општина Новаци со 57,4%, а најмалку во Општина Кривогаштани со 10,1%. Планинскиот простор доминира во Општина Крушево со 57,1%, а општини без планински простор се Долнени, Кривогаштани и Могила. Рамничарско – ридскиот простор најзастапен е во општините Долнени, Кривогаштани и Могила со 100 %, а најмал во Општина Крушево со 42,9%, наспроти планинскиот со 57,1%.

**Табела 2.** Просторни карактеристики на рамничарскиот, ридскиот и планинскиот простор

<table>
<tr><th rowspan="2">Општина</th><th rowspan="2">Вкупна површина во км$^2$</th><th rowspan="2">%</th><th colspan="8">Орографски услови</th></tr>
<tr><th>Рамничарски</th><th>%</th><th>Ридски</th><th>%</th><th>Планински простор</th><th colspan="2">%</th></tr>
<tr><td>Битола</td><td>787</td><td>100</td><td>284,4</td><td>36,1</td><td>279,8</td><td>35,6</td><td>222,8</td><td colspan="2">28,3</td></tr>
<tr><td>Демир Хисар</td><td>480</td><td>100</td><td>173,6</td><td>36,2</td><td>155,3</td><td>32,3</td><td>151,1</td><td colspan="2">31,5</td></tr>
<tr><td>Долнени</td><td>412</td><td>100</td><td>181,9</td><td>44,2</td><td>230,1</td><td>55,8</td><td>0</td><td colspan="2">0</td></tr>
<tr><td>Кривогаштани</td><td>89</td><td>100</td><td>80,1</td><td>89,9</td><td>8,9</td><td>10,1</td><td>0</td><td colspan="2">0</td></tr>
<tr><td>Крушево</td><td>191</td><td>100</td><td>47,7</td><td>25,1</td><td>34,1</td><td>17,8</td><td>109,2</td><td colspan="2">57,1</td></tr>
<tr><td>Могила</td><td>255</td><td>100</td><td>205,3</td><td>80,4</td><td>49,7</td><td>19,6</td><td>0</td><td colspan="2">0</td></tr>
<tr><td>Новаци</td><td>753</td><td>100</td><td>252,1</td><td>33,4</td><td>431,8</td><td>57,4</td><td>69,1</td><td colspan="2">9,2</td></tr>
<tr><td>Прилеп</td><td>1199</td><td>100</td><td>427</td><td>35,6</td><td>542,5</td><td>45,2</td><td>229,5</td><td colspan="2">19,2</td></tr>
<tr><td>Ресен</td><td>551</td><td>100</td><td>157,5</td><td>28,7</td><td>183,3</td><td>33,2</td><td>210,2</td><td colspan="2">38,1</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Пелагониски рагион</td><td rowspan="3">4717</td><td rowspan="3">100</td><td rowspan="2">1809,6</td><td rowspan="2">38,4</td><td>1915,5</td><td>40,6</td><td>991,9</td><td colspan="2">21</td></tr>
<tr><td colspan="3">2907,4</td><td colspan="2">61,6</td></tr>
<tr><td colspan="3">3725,1</td><td colspan="2">79</td><td>991,9</td><td>21</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Република Македонија</td><td rowspan="3">24917,671*</td><td rowspan="3">100</td><td rowspan="2">5064,666</td><td rowspan="2">20,3</td><td>7598,548</td><td>30,5</td><td>12254,46</td><td colspan="2">49,2</td></tr>
<tr><td colspan="3">19853,005</td><td colspan="2">79,7</td></tr>
<tr><td colspan="3">12663,214</td><td colspan="2">50,8</td><td>12254,457</td><td>49,2</td></tr>
</table>

**Извор:**
Државен завод за статистика, пресметки од страна на авторот.
* Без водените површини (795,329 км$^2$ водени површини или 3,1% + 24917,671 или 96,9% = 25.713 км$^2$ или 100% вкупна површина на Република Македонија); Извор: **Благоја Маркоски** (1995) Хипсометрија на просторот и населеноста во Република Мекедонија, картографски метод, Скопје, стр.74-78 и 93-96 (стр.316)

Во Табела 3 претставен е преглед на населбите според орографските услови во истражуваниот регион. Од вкупниот 343 населби во Пелагонсискиот статистичко - плански регион, најбројни се рамничарските со 170 населби (49,5%), потоа следат ридските со 120 (35,0%) и планинските со 53 населби (15,5%). Вкупно земено бројот на рамничарско – ридските населби изнесува 290 (84,5%), а на ридско – планинските 173 (55%). Од табелата ги подвлекуваме и следните други карактеристики. Општина со најголем број рамничарски населби е Битола, со 29, потоа следат Прилеп со 27, Долнени со 22, Ресен со 21 и т.н., а со најмалку е Општина Кришево со само 5 рамничарски населби. Општина со најмногу ридски населби е Прилеп со 26, Битола со 24, Новаци со 19 и тн., а со најмалку е Општина Кривогаштани само 2 ридски населби. Општини со најмногу планински населби се Битола со 13, Демир Хисар и Ресен со 10, Крушево со 9 и тн., а воопшто планински населби немаат општините Долнени, Кривогаштани и Могила.

Табела 3. Вкупен број населби според орографски услови со нивно процентуално учество

| **Општина** | **Вкупно број на населби** | **%** | **Број на населби според орографски услови** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рамничарски** | **%** | **Ридски** | **%** | **Планински** | **%** |
| Битола | 66 | 100 | 29 | 43,9 | 24 | 36,4 | 13 | 19,7 |
| Демир Хисар | 41 | 100 | 20 | 48,8 | 11 | 26,8 | 10 | 24,4 |
| Долнени | 37 | 100 | 22 | 59,5 | 15 | 40,5 | 0 | 0 |
| Кривогаштани | 13 | 100 | 11 | 84,6 | 2 | 15,4 | 0 | 0 |
| Крушево | 19 | 100 | 5 | 26,3 | 5 | 26,3 | 9 | 47,4 |
| Могила | 23 | 100 | 18 | 78,3 | 5 | 21,7 | 0 | 0 |
| Новаци | 41 | 100 | 17 | 41,5 | 19 | 46,3 | 5 | 12,2 |
| Прилеп | 59 | 100 | 27 | 45,8 | 26 | 44,1 | 6 | 10,1 |
| Ресен | 44 | 100 | 21 | 47,7 | 13 | 29,6 | 10 | 22,7 |
| **Пелагониски рагион** | **343** | 100 | **170** | 49,5 | **120** | 35 | **53** | 15,5 |
| | | | | | **173** | | | 50,5 |
| | | | **290** | | | 84,5 | **53** | 15,5 |
| **Република Македонија** | **1750** | 100 | **695** | 39,7 | **659** | 37,7 | **396** | 22,6 |
| | | | | | **1055** | | | 60,3 |
| | | | **1354** | | | 77,4 | **396** | 22,6 |

Во Табела 4 претставени е разместеност на населениет според орографските услови, односно население во рамничарски, ридски и планински населби. Вкупно гледано во Регионот, најмногу население живее во рамничарскиот простор и тоа 210.177 жители или 88,3 % од вкупното, а далеку помалку население има во ридскиот (8,1%) и планинскиот простор (3,6%). Интегрирано, во рамничарско – ридскиот простор живее 96,4%, а во ридско – планискиот простор живее 11,7%. По општини, соодносите се следни. Општина со најмногу население кое живее во рамничарскиот простор се Прилеп со 98,9%, а потоа следат Кривогаштани и Могила со 96,3% односно 94,1%, а со најмалку е Општина Крушево со 21,5%. Најмногу население кое живее во ридскиот простор има Општина Долнени со 34,7%, а најмалку Општина Прилеп со 1%. Најногу население кое живее во планинскиот простор има Општина Крушево 58,9%, а без население во планински простор се општините Долнени, Кривогаштани и Могила.

**Табела 4.** Разместеност на населението според орографски услови

| **Општина** | **Вкупно население 2002 г.** | **%** | **Население во населби според орографски услови** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рамничарски** | **%** | **Ридски** | **%** | **Планински простор** | **%** |
| Битола | 95385 | 100 | 86066 | 90,2 | 7785 | 8,2 | 1534 | 1,6 |
| Демир Хисар | 9497 | 100 | 8111 | 85,4 | 1159 | 12,2 | 227 | 2,4 |

<table>
<tr><td>Долнени</td><td>13568</td><td>100</td><td>8860</td><td>65,3</td><td>4708</td><td>34,7</td><td>0</td><td>0</td></tr>
<tr><td>Кривогаштани</td><td>6150</td><td>100</td><td>5922</td><td>96,3</td><td>228</td><td>3,7</td><td>0</td><td>0</td></tr>
<tr><td>Крушево</td><td>9684</td><td>100</td><td>2083</td><td>21,5</td><td>1901</td><td>19,6</td><td>5700</td><td>58,9</td></tr>
<tr><td>Могила</td><td>6710</td><td>100</td><td>6317</td><td>94,1</td><td>393</td><td>5,9</td><td>0</td><td>0</td></tr>
<tr><td>Новаци</td><td>3549</td><td>100</td><td>2802</td><td>79</td><td>727</td><td>20,5</td><td>20</td><td>0,5</td></tr>
<tr><td>Прилеп</td><td>76768</td><td>100</td><td>75933</td><td>98,9</td><td>754</td><td>1</td><td>81</td><td>0,1</td></tr>
<tr><td>Ресен</td><td>16825</td><td>100</td><td>14083</td><td>83,7</td><td>1618</td><td>9,6</td><td>1124</td><td>6,7</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Пелагониски регион</td><td rowspan="3">238136</td><td rowspan="3">100</td><td rowspan="2">210177</td><td rowspan="2">88,3</td><td>19273</td><td>8,1</td><td>8686</td><td>3,6</td></tr>
<tr><td colspan="3">27959</td><td>11,7</td></tr>
<tr><td colspan="3">229.450</td><td>96,4</td><td>8686</td><td>3,6</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Република Македонија</td><td rowspan="3">2.022.547</td><td rowspan="3">100</td><td rowspan="2">1.596.291</td><td rowspan="2">78,9</td><td>347586</td><td>17,2</td><td>78670</td><td>3,9</td></tr>
<tr><td colspan="3">426256</td><td>21,1</td></tr>
<tr><td colspan="3">1.943.877</td><td>96,1</td><td>78670</td><td>3,9</td></tr>
</table>

**БРР –Биро за регионален развој http://www.brr.gov.mk/brr.gov.mk/

* Без водените површини (795,329 км² водени површини или 3,1% + 24917,671 или 96,9% = 25.713 км² или 100% вкупна површина на Република Македонија); Извор:

Благоја Маркоски (1995) Хипсометрија на просторот и населеноста во Република Мекедонија, картографски метод, Скопје, стр.74-78 и 93-96 (стр.316)

Во табела 5 преставени се населбите во Регионот според нивната големина и површина на атарот. Најголем простор зафаќаат малите населби со 3313,8 км² или 70,3%, потоа следат средните населби со 779 км² или 16,5%, и големите со 382,8 км² или 8,1%, а најмал простор зафаќаат раселените населби со 241,4 км² или 5,1%. Гледано по општини, за малите населби, најголема површина завземаат во Општина Новаци со 669 км² и учество во вкупната општинска површина со 88,8%, потоа следат Демир Хисар со 361 км² или 75,2%, Ресен со 410,1 км² или 74,4%, Прилеп со 856,4 км² со учество од 71,4%, а најмалку површина завземаат во Општина Кривогаштани со 33,9 км² или 38,2%.

За средните населби, најголема површина завземаат во Општина Кривогаштани со 37,9 км² и учество во вкупната општинска површина со 42,7%, потоа следат Крушево со 74 км² или 38,7%, Могила со 93,8 км² или 36,9%, а најмалку површина завземаат во Општина Новаци 11,5 км² или 1,5%.

За големите населби најголема површина завземаат во Општина Долнени со 91,5 км² и учество во вкупната општинска површина со 22,1%, потоа следат општина Кукуречани со 14,9 км² или 16,5%, Битола со 89,8 км² и 11,4%, потоа следат Прилеп со 98,6 км² или 8,2%, а најмалку површина завземаат во Општина Демир Хисар со 5,5 км² или само 1%.

**Табела 5.** Вкупен број на населби според нивна големина и површина на атарот

| **Општина** | **Број на населби** | **Површина во км²** | **Од тоа:** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Раселени населби** | **Површина во км²** | **Мали населби до жители** | **Површина во км²** | **Средни населби со 301-1000 ж** | **Површина во км²** | **Големи населби со над 1001 ж** | **Површина во км²** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | 66 | 787 | 7 | 29,8 | 41 | 490,9 | 13 | 176,5 | 5 | 89,8 |
| **Демир Хисар** | 41 | 480 | 1 | 8,4 | 31 | 361 | 8 | 105,1 | 1 | 5,5 |
| **Долнени** | 37 | 412 | 1 | 0 | 26 | 263,8 | 5 | 56,7 | 5 | 91,5 |
| **Кривогаштани** | 13 | 89 | 1 | 2,3 | 5 | 33,9 | 6 | 37,9 | 1 | 14,9 |
| **Крушево** | 19 | 191 | 1 | 4,2 | 10 | 89,8 | 7 | 74 | 1 | 23 |
| **Могила** | 23 | 255 | 0 | 0 | 15 | 138,9 | 7 | 93,8 | 1 | 22,3 |
| **Новаци** | 41 | 753 | 8 | 60,5 | 31 | 669 | 1 | 11,5 | 1 | 12 |
| **Прилеп** | 59 | 1199 | 5 | 79,7 | 46 | 856,4 | 7 | 164,3 | 1 | 98,6 |
| **Ресен** | 44 | 551 | 4 | 56,5 | 32 | 410,1 | 6 | 59,2 | 2 | 25,2 |
| **Пелагониски регион** | **343** | **4717** | **28** | 241,4 | **237** | 3313,8 | **60** | 779 | **18*** | 382,8 |

* Во вкупниот број големи населби ставени се и петте градски

Во Табела 6 и 7 поместени се податоци за населбите во Регионот и по општини, според бројот на жители, и нивна поделба на раселени населби, мали населби (од 1 до 300 ж.), средни (од 301 до 1000 ж.) и големи населби (над 1000 ж.). Од вкупно 343 населби, 28 се раселение (8,2%), 237 се мали населби (69,1%), 60 средни (17,5%) и 18 големи населби (5,2%). Најмногу раселени населби има Општина Новаци, па Битола, Прилеп, Ресен и т.н. Од малите населби најмногу има во Општина Припел 46 (78% од вкупниот број општински населби), а најмалку во Кривогаштана 5 (38%). Бројот на мали села до 100 жители изнесува 133, од кои 50 жители се 91 населба. Пред раселување, до 10 жители се 31 населба, од кои најмногу во Општина Прилеп.

**Табела 6.** Број на мали населби според бројот на жителите

| Општини | Број на населби | Број на раселени населби | Од тоа мали населби од 1 до 300 жители | | | | | | Вкупно мали населби | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | До 10 жит. | 11-20 ж. | 21-50 ж. | 51-100 ж. | 101-200 ж. | 201-300 ж. | | |
| **Битола** | **66** | **7** | 3 | 0 | 4 | 7 | 17 | 10 | **41** | 62,1 |
| **Демир Хисар** | **41** | **1** | 6 | 2 | 7 | 6 | 3 | 7 | **31** | 75,6 |
| **Долнени** | **37** | **1** | 0 | 0 | 6 | 9 | 8 | 3 | **26** | 70,3 |
| **Кривогаштани** | **13** | **1** | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 2 | **5** | 38,5 |
| **Крушево** | **19** | **1** | 0 | 1 | 4 | 2 | 1 | 2 | **10** | 52,6 |
| **Могила** | **23** | **0** | 1 | 1 | 2 | 3 | 4 | 4 | **15** | 65,2 |
| **Новаци** | **41** | **8** | 8 | 4 | 9 | 3 | 5 | 2 | **31** | 75,6 |
| **Прилеп** | **59** | **5** | 12 | 5 | 12 | 6 | 6 | 5 | **46** | 77,9 |
| **Ресен** | **44** | **4** | 1 | 2 | 1 | 5 | 17 | 6 | **32** | 72,7 |
| **Пелагониски регион** | **343** | **28** | **31** | **15** | **45** | **42** | **63** | **41** | **237** | 69,1 |

Од Табела 7 за средни и големи населби, накратко, го дискутираме само бројот на средните населби кој изнесува 60 населби, од кои 13 се во Општина Битола, 8 во Демир Хисар и т.н. Од вкупно, само 18 големи населби (од кои 5 се градски: Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар), по 5 големи населби се во Општина Битола и Долнени, 2 во Ресен, а по 1 населба во останатите општините.

**Табела 7.** Број на средни и големи населби според бројот на жителите

| ОПШТИНА | | Од тоа средни населби со: | Од тоа големи населби со: |
|---|---|---|---|

| | Број на населби | 301 - 500 ж. | 501-800 ж. | 801-1000 ж. | Вкупно средни населби | 1001-1500 ж. | 1501-2000 ж. | 2001-3000 ж. | Над 3001 ж. | Вкупно големи населби |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | **66** | 9 | 2 | 2 | **13** | 1 | 1 | 1 | 2 | **5** |
| **Демир Хисар** | **41** | 6 | 1 | 1 | **8** | 0 | 0 | 1 | 0 | **1** |
| **Долнени** | **37** | 4 | 1 | 0 | **5** | 1 | 3 | 1 | 0 | **5** |
| **Кривогаштани** | **13** | 3 | 3 | 0 | **6** | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** |
| **Крушево** | **19** | 5 | 2 | 0 | **7** | 0 | 0 | 0 | 1 | **1** |
| **Могила** | **23** | 5 | 2 | 0 | **7** | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** |
| **Новаци** | **41** | 1 | 0 | 0 | **1** | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **Прилеп** | **59** | 4 | 2 | 1 | **7** | 0 | 0 | 0 | 1 | **1** |
| **Ресен** | **44** | 5 | 1 | 0 | **6** | 1 | 0 | 0 | 1 | **2** |
| **Пелагониски регион** | **343** | **42** | **14** | **4** | **60** | 4 | 6 | 3 | 6 | **18** |

Во Табела 8 и 9 обработени се податоци за населението по општини и разместеност на истото според големина на населбата. Во Регионот, населението најмногу е сконцентрирано во големите населби со 184.456 жители и учество од 77,4%, а потоа следат средните со 11,8% и малите населби со 10,8%. Бројот на население во малите населби доминира во Општина Новаци со 54,1%. Бројот на население во средните населби доминира во општините Кривогаштани (54,3%), Могила (48,3%) и Демир Хисар (39,8%). Големите населби доминираат во општините Прилеп (90,8%), Битола (87,4%), Долнени (65,5%), Ресен 59%) и Крушево (55,0%).

**Табела 8.** Разместеност на населението по општини гледано според големина на населбите со процентуално учество

| Општина | Население во 2002 г. | % | Мали населби | % | Средни населби | % | Големи населби | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | 95.385 | 100 | 6692 | 7 | 5346 | 5,6 | 83.347 | 87,4 |
| **Демир Хисар** | 9497 | 100 | 3121 | 32,9 | 3783 | 39,8 | 2593 | 27,3 |
| **Долнени** | 13.568 | 100 | 2658 | 19,6 | 2024 | 14,9 | 8886 | 65,5 |
| **Кривогаштани** | 6150 | 100 | 942 | 15,3 | 3338 | 54,3 | 1870 | 30,4 |
| **Крушево** | 9684 | 100 | 888 | 9,2 | 3466 | 35,8 | 5330 | 55 |
| **Могила** | 6710 | 100 | 1944 | 29 | 3240 | 48,3 | 1526 | 22,7 |
| **Новаци** | 3549 | 100 | 1921 | 54,1 | 345 | 9,7 | 1283 | 36,2 |
| **Прилеп** | 76.768 | 100 | 3152 | 4,1 | 3912 | 5,1 | 69.704 | 90,8 |
| **Ресен** | 16.825 | 100 | 4310 | 25,6 | 2598 | 15,4 | 9917 | 59 |
| **Пелагониски регион** | **238.136** | **100** | **25.628** | **10,8** | **28.052** | **11,8** | **184.456** | **77,4** |

Во Табела 9 обработени се податоци за населението по општини за големите населби. Во Регионот, населението најмногу е сконцентрирано во големите населби со 184.456 жители и учество од 77,4%. Од табелата, се гледа, дека населението доминира во сите градски населби, кои се големи, со вкупно 160.925 жители и учество од 87,2%. Најголем број и најмногу селски големи населби има во Општина Битола и Ресен.

**Табела 9.** Разместеност на населението во големите населби

| Општина | Население во 2002 г. | % | Големи населби | Процент | | Големи населби, од тоа: | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Градски населби | | Селски населби | |
| | | | | % | % | Население | % | Население | % |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 95.385 | 100 | 83.347 | 87,4 | 100 | 74.550 | 89,4 | 8797 | 10,6 |
| Демир Хисар | 9497 | 100 | 2593 | 27,3 | 100 | 2593 | 100 | 0 | 0 |
| Долнени | 13.568 | 100 | 8886 | 65,5 | 100 | 0 | 0 | 8886 | 100 |
| Кривогаштани | 6150 | 100 | 1870 | 30,4 | 100 | 0 | 0 | 1870 | 100 |
| Крушево | 9684 | 100 | 5330 | 55 | 100 | 5330 | 100 | 0 | 0 |
| Могила | 6710 | 100 | 1526 | 22,7 | 100 | 0 | 0 | 1526 | 100 |
| Новаци | 3549 | 100 | 1283 | 36,2 | 100 | 0 | 0 | 1283 | 100 |
| Прилеп | 76.768 | 100 | 69.704 | 90,8 | 100 | 69.704 | 100 | 0 | 0 |
| Ресен | 16.825 | 100 | 9917 | 59 | 100 | 8748 | 88,2 | 1169 | 11,8 |
| **Пелагониски регион** | **238.136** | **100** | **184.456** | **77,4** | 100 | **160.925** | **87,2** | **23.531** | **12,8** |

Од Табела 10 го извлекуваме следното. Вкупно во Регионот на една населба се паѓа по 13,7 км$^2$, од кои на малите населби по 14,0 км$^2$, на средните по 13,0 км$^2$ и на големите по 21,3 км$^2$. Општина со најголема површина по населби има Општина Прилеп со 20,3 км$^2$, а најмала Општина Кривогаштани со 6,8 км$^2$. На малите населби најголема површина по населба се паѓа на Општина Новаци по 21,6 км$^2$, а најмалку во Општина Кривогаштани со 6,8 км$^2$. За средните населби ги подвлеквуаме следните показатели, најголема површина по населба имаат во Општина Прилеп со 23,4 км$^2$, а најмала во Општина Кригогаштани со 6,3 км$^2$. За големите населби, со најголема површина е Општина Прилеп со 98,6 км$^2$, а со најмала е Општина Демир Хисар со 5,5 км$^2$.

**Табела 10.** Број на населби според големина и просек на површина по населба

| **Општина** | **Број на населби** | **Површина во км$^2$** | **Просек на населби по км$^2$** * | **Од тоа:** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Мали населби** | **Површина во км$^2$** | **Просек на населби на км$^2$** | **Средни населби** | **Површина во км$^2$** | **Просек на населби на км$^2$** | **Големи населби** | **Површина во км$^2$** | **Просек на населби на км$^2$** |
| **Битола** | 66 | 787 | 11,9 | 41 | 490,9 | 12 | 13 | 176,5 | 13,5 | 5 | 89,8 | 18 |
| **Демир Хисар** | 41 | 480 | 11,7 | 31 | 361 | 11,6 | 8 | 105,1 | 13,1 | 1 | 5,5 | 5,5 |
| **Долнени** | 37 | 412 | 11,1 | 26 | 263,8 | 10,1 | 5 | 56,7 | 11,4 | 5 | 91,5 | 18,2 |
| **Кривогаштани** | 13 | 89 | 6,8 | 5 | 33,9 | 6,8 | 6 | 37,9 | 6,3 | 1 | 14,9 | 14,9 |
| **Крушево** | 19 | 191 | 10 | 10 | 89,8 | 9 | 7 | 74 | 10,6 | 1 | 23 | 23 |
| **Могила** | 23 | 255 | 11,1 | 15 | 138,9 | 9,2 | 7 | 93,8 | 13,4 | 1 | 22,3 | 22,3 |
| **Новаци** | 41 | 753 | 18,3 | 31 | 669 | 21,6 | 1 | 11,5 | 11,5 | 1 | 12 | 12 |
| **Прилеп** | 59 | 1199 | 20,3 | 46 | 856,4 | 18,6 | 7 | 164,3 | 23,4 | 1 | 98,6 | 98,6 |
| **Ресен** | 44 | 551 | 12,5 | 32 | 410,1 | 12,8 | 6 | 59,2 | 9,8 | 2 | 25,2 | 12,6 |
| **Пелагониски регион** | **343** | **4717** | **13,7** | **237** | **3313,8** | **14** | **60** | **779** | **13** | **18** | **382,8** | **21,3** |

* Во табелата не се ставени раселените села: во Општина Битола 7, Демир Хисар 1, Долнени 1, Кривогаштани 1, Крушево 1, Могила 0, Новаци 8, Прилеп 5 и Ресен 4 населби.

Од Табела 11 за бројот на населби според големина и просек на жители по населба, сублимирано го дискутираме следното. Вкупно во Регионот на една населба се паѓа по 694 жители, од кои на малите населби по 108 жители на населба, на средните по 467 жители, и на големите по 10.247 жители на населба. Општина со најголем просек на жители по населби има

Општина Битола со 1445 жители по населба, а најмала Општина Новаци со 86 жители по населба. Гледано по големина, на малите населби најголем просек на жители по населба се паѓа на Општина Кривогаштани по 188 жители на населба, а најмалку во Општина Новаци по 62 жители на населба. За средните населби ги подвлекуваме следните показатели, најголем просек на жители по населба има Општина Прилеп со 559 жители на населба, а најмала во Општина Новаци со 345 жители по населба. За големите населби, со најголем просек на жители по населба е Општина Прилеп со 69704 жители, сите жители на град Прилеп, а со најмала е Општина Новаци со 1283 жители, сите жители на општинскито центар Новаци.

**Табела 11.** Број на населби според големина и просек на жители по населба

| Општина | Број на населби | Површина во км$^2$ | Просек на населби по км$^2$ * | Од тоа: | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Мали населби | Површина во км$^2$ | Просек на населби на км$^2$ | Средни населби | Површина во км$^2$ | Просек на населби на км$^2$ | Големи населби | Површина во км$^2$ | Просек на населби на км$^2$ |
| **Битола** | 66 | 787 | 11,9 | 41 | 490,9 | 12 | 13 | 176,5 | 13,5 | 5 | 89,8 | 18 |
| **Демир Хисар** | 41 | 480 | 11,7 | 31 | 361 | 11,6 | 8 | 105,1 | 13,1 | 1 | 5,5 | 5,5 |
| **Долнени** | 37 | 412 | 11,1 | 26 | 263,8 | 10,1 | 5 | 56,7 | 11,4 | 5 | 91,5 | 18,2 |
| **Кривогаштани** | 13 | 89 | 6,8 | 5 | 33,9 | 6,8 | 6 | 37,9 | 6,3 | 1 | 14,9 | 14,9 |
| **Крушево** | 19 | 191 | 10 | 10 | 89,8 | 9 | 7 | 74 | 10,6 | 1 | 23 | 23 |
| **Могила** | 23 | 255 | 11,1 | 15 | 138,9 | 9,2 | 7 | 93,8 | 13,4 | 1 | 22,3 | 22,3 |
| **Новаци** | 41 | 753 | 18,3 | 31 | 669 | 21,6 | 1 | 11,5 | 11,5 | 1 | 12 | 12 |
| **Прилеп** | 59 | 1199 | 20,3 | 46 | 856,4 | 18,6 | 7 | 164,3 | 23,4 | 1 | 98,6 | 98,6 |
| **Ресен** | 44 | 551 | 12,5 | 32 | 410,1 | 12,8 | 6 | 59,2 | 9,8 | 2 | 25,2 | 12,6 |
| **Пелагониски регион** | **343** | **4717** | **13,7** | **237** | **3313,8** | **14** | **60** | **779** | **13** | **18** | **382,8** | **21,3** |

* Во табелата не се ставени раселените села.

Од Табела 12 ги изнесуваме следните забелешки. Во Пелагонискиот плански регион се наоѓаат вкупно 343 населби, од кои само 5 се градски или урбани населби: Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар. Во овие градски населби има висока концентрација на население од 160.925 жители, или 67, 6 % од вкупниот број жители во Пелагонискиот статистичко - плански регион.

Во 2002 година, само во општините Битола и Прилеп живееле 172.153 жители или 72,3% од вкупниот број жители во Пелагонискиот регион. Во двата града, Битола и Прилеп биле сконцентирани 144.254 жители или 89,6% од вкупното урбано население во регионот. На останатиот рурален простор живеат 77.211 жители или 32,4%, односно една третини од населението живее во зона на слаба население. Само овој показател, за Битола и Прилеп, покажува колкава е моќта на двата града како стопански и гравитациони центри за целиот регион. Со сигурност може да се прогнозира дека овие два урбани центри и во иднина ќе привлекуваат голема маса население од околниот рурален простор.

Трендот на просторното проширување на градот и зголемувањето на урбаното население најмногу се чувствува во Битола и тоа кон приградските населби. Најдобар

пример за тоа е населбата Горно Оризари, која повеќе години station наназад е дел од градот. Интензивен процес на проширување на Битола се забележува кон руралните приградски населби: Лавци, Раштани, Буково, Поешево, Брусник, Долно Оризари и Крклино. Други два случаи за спојување на приградски населби со урбани центри се населбите Варош со градот Прилеп и Јанковец со градот Ресен.

Доколку во блиска иднина економски забрзано се развива урбаниот центар Демир Хисар можни се проширувања на неговата урбана зона кон поблиските рурални населби Белче и евентуално кон Градиште и Селце.

За разлика од наведените урбани населби, поради својата орографска местоположба и поголемата географска оддалеченост од руралните населби, и во подалечна иднина, е оневозможено негово проширување на Крушево кон руралниот простор.

Трендот на урбанизација кај останатите големи рурални населби: Кривогаштани, Новаци, Могила, Кукуречани, Бистирца, Кравари, Дебреште, Лажани, Житоше и други може да се интензивира согласно димензионираниот плански развој на регионот во целина.

Наведените податоци ни говорат и за евидентна интрарегионална нерамнотежа меѓу урбани-руралните општини и населбите. Имено, Општина Битола и Прилеп во споредба со останатите општини предначат со бројот на жители, површината, густината на населеност, бројот на населби и сл. Така, Битола, само според бројот на жители е поголема од Новаци за 26,9 пати, од Кривогаштани за 15,5 пати, од Могила за 14 пати, од Демир Хисар за 10 пати, од Крушево за 9,8 пати, од Долнени за 7, од Ресен за 5,6 пати и од Прилеп за 1,2 пати.

**Табела 12.** Учество на урбаното и руралното во вкупното население

| **Урбана општина** | **Вкупно население** | **Од тоа урбано** | Процент (%) | **Од тоа рурално** | Процент (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | **95.385** | **74.550** | 78,2 | **20.835** | 21,8 |
| **Прилеп** | **76.768** | **69.704** | 90,8 | **7064** | 9,2 |
| **Ресен** | **16.825** | **8748** | 52 | **8077** | 48 |
| **Крушево** | **9684** | **5330** | 55 | **4354** | 45 |
| **Демир Хисар** | **9497** | **2593** | 27,3 | **6904** | 72,7 |
| **ВКУПНО** | **208.159** | **160.925** | 77,3 | **47.234** | 22,7 |
| **Рурална општина** | **Вкупно население** | **Од тоа урбано** | Процент (%) | **Од тоа рурално** | Процент (%) |
| **Долнени** | **13.568** | / | / | **13.568** | 100 |
| **Могила** | **6710** | / | / | **6710** | 100 |
| **Кривогаштани** | **6150** | / | / | **6150** | 100 |
| **Новаци** | **3549** | / | / | **3549** | 100 |
| **ВКУПНО** | **29.977** | / | / | **29.977** | / |
| **СЕ ВКУПНО** | **238.136** | **160.925** | 67,6 | **77.211** | 32,4 |

## ЗАКЛУЧОК

Поради долгогодишно отсуство на соодветна политика за поддршка на социо-економскиот развој на селските населби, како и интензивната емиграција кон урбаните населби и странство, голем дел од селските населби се целосно раселени или се на работ од раселување.

Во ова прилика само ќе ги наведеме и другите параметри на интрарегионална нерамнотежа, како што се: разликите во транспортниот принцип на урбанизација, гравитационото влијание, миграционите процеси на релација село-град, разликите според етнички карактеристики, разликите во базата на природни ресурси и потенцијали (човечки, природни-фосилни горива,

руди, минерали и сл.), разликите во квалитетот на живот (животниот стандард и привлечноста на локацијата), разликите во капацитетот на асимилација на загадувањето (земјиштето, атмосферата, водата, почвата), разликите во систмот за поддршка на животот (здравствените и социјални услови), разликите во маркетиншката опременост на урбанизацијата и друго.

Во функција на намалување на интрарегионаната нерамнотежа е добриот одржлив развој кој подразбира акционо планирање врз економско-општествени принципи и заштита на животната средина, во кои интерактивна улога би имале државата, локалната заедница, цивилниот и приватниот сектор. Сето тоа би било ирационално и ирелевантно доколку напоредно не би се реализирала долгорочна стратегија за популациона политика на демографска обнова на регионот и државата во целина.

## CONCLUSION

Due to long absence of approporiate policy to support socio – economic development of rural areas, as well as intensive migration to urban areas and abroad, many of the villagesare completely displaced or at risk of displacement.

In this occasion we will enumerate and other parameters of intra-regional imbalances, such as differences in transport principle of urbanization, gravitational influence migration processes in relation to rural-urban differences according to ethnic characteristics, differences in the natural resource base and potential (human, natural-fossil fuels, ores, minerals, etc.), the dofferences in quality of life (living standards and the attractiveness of the location), the differences in the capacity to assimilates pollution (land, air, water, soil), differences in the system, for life-support (health and social conditions), the differences in the marketing of equipment urbanization and more.

In order to reduce the imbalance is good intreregional sustainable development that implies action plan on economic and social principles and environmental protection, which would have an interactive role state and the local community, civil and private sector. All of this would demonstrate long-term stratedy for population police of demographic renewal of the region and the country as a whole.

**РЕФЕРЕНЦИ:**

1. **РГУ**, (1982): СР Македонија низ катастарска едивенција, Скопје
2. **Маркоски Б.,** (1995): Хипсометрија на просторот и населеноста во Република Македонија – картографски метод, Македонска ризница, Скопје
3. **Димитров В. Н**., (2001): Демогеографска анализа на миграционите процеси во југозападниот дел на Република Македонија, Докторска дисертација, ракопис, Скопје
4. **ДЗС**, (2005): Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 г., Книга XIII, Вкупно население, домаќинства и станови според територијалната организација на Република Македонија од 2004 година
5. **Димитров В. Н.**, (2005): Карактеристични просторно – популациски обележја на селските населби во регионот на Битола, МНД, Прилози, III, 2005, 05-06, Битола
6. **Поповски В., Селмани А., Панов Н.**, (2006): Општините во Република Македонија, ИДБЦ, Скопје
7. **Димитров В. Н.,** (2008): Населението и системот на населби во Пелагонискиот плански регион (актуелни состојби), Македонско научно друштво, Прилози, год. V, бр. 09-10, Битола
8. **Димитров В. Н., Огненовски Т.,** (2009): Битолски регион – население и населби, Битола
9. **Димитров В. Н**., (2009): Концентрација и депопулација просторни постулати во популационата политика на Република Македонија, Зброник на трудови од научниот симпозиум Демографската транзиција и популационата политика во Република Македонија, Македонско научно друштво, Битола
10. **Котески Ц.**, (2011): Сливот на Црна Река, Прилеп
11. **Димитров В. Н.**, (2013): Просторно – популациски карактеристики на населбите од ридско – планинските области во Република Македонија, Македонско географско друштво, Географски разгледи (47), 45-58, Скопје

12. **Димитров В. Н.**, (2013): Демогеографски проблеми и перспективи на ридско планинските подрачја во Република Македонија, Македонско географско друштво, Ридско – планински подрачја – проблеми и перспективи, Зборник на трудови, Книга 1, 12-15.09.2013, Охрид
13. **ДЗС**, (2015): Региони во Република Македонија, 2014, Скопје
14. Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија е донесен 15. Мај 2007 година, "Службен весник на РМ", број 63 од 22.05. 2007 година.
15. Биро за регионален развој на Република Македонија (БРР): http://www.brr.gov.mk/brr.gov.mk/